проблеми кои го отежнуват самиот процес на демократизација на нивните општества. Треба да се има предвид дека демократијата е прпвиот и основен предуслов за евентуално започнување на преговори, односно тие треба да бидат исполнети во моментот кога се донесува одлуката за почеток на преговори. Во трудот се разработува начинот на кој Европската унија и Балканските држави се соочуваат со процесот на демократизација со цел да се даде една претстава и појасна слика за начинот на кој се пристапува кон евроинтегративните процеси. Што се однесува до Република Македонија, во сегашната поставеност тоа е тешко остварливо поради отворените прашања кои постојат со соседите, особено со Република Грција, и начинот на донесување на одлуките од страна на Европскиот совет во поглед на доделувањето датум за почеток на преговори, што од друга страна доведе до нарушување на внатрешниот политички склоп и застој во процесот на интегрирање. Исто така, дадено е и кратко објаснување на политичката криза во Република Македонија, како и (не)успешното вклучување на Европската унија во решавање на двегодишната политичка криза. На крајот од трудот е даден заклучок кој, на основа на искуството од минатото и со разбирање на сегашното, нуди лекции за идното дејствување на политиката на Европската унија во регионот.
**Клучни зборови:** Демократија, интеграција, Европска унија, Република Македонија

## 1. ВОВЕД

Ако се осврнеме на политичката серија „Куќа од карти“ (“House of Cards”), во која главниот лик Франсис Андервуд (Francis Underwood) кој го игра Кевин Спејси (Kevin Spacey) вели „Демократијата е прецента“ (“Democracy is overrated”), истото може да се постави и во случајот со Македонија. Ова од гледна точка дека ако куќата од карти ја претставува вертикалната поставеност на демократијата, тоа значи дека најдолниот столб карти ја претставуваат граѓаните и ако таа линија ја задрмате тогаш ја губите и демократијата. По завршувањето на последните вооружени конфликти на Балканот, државите настојуваа во изградба на демократски општества. Но, дилемите во поглед на безбедноста и нерешените државни прашања продолжуваат да домининраат низ целиот регион. Стравувањата дека нестабилноста во една држава може да се прошири низ целиот регион и натаму ја дефинира политиката на ЕУ за вклученост и пристапување. Како резултат, понекогаш интересот за стабилноста е приоритет над другите размислувања, вклучително и консолидација на демократијата. Ваквиот пристап ја потценува клучната лекција на Европската интеграција: демократијата е најсоодветната политика за решавање на безбедносните прашања и за градење на државата. Во теорија, демократската консолидација на Балканот треба да биде вин-вин солуција; во пракса, патот е полн со политички замки и дилеми.

Градењето демократски режими во регионот кореспондира со изградбата на државата. Во срцето на проблемот се државите и нивните слабости за преземањето на потребните реформи за интеграција во ЕУ, како и решавање на внатрешните прашања и прашањата со соседите. Во срцето на решението е демократијата како осигурување за регионот во консолидирање на државите и општеството. Искуството со проширувањето на ЕУ со државите од Централна и Источна Европа потврди дека, иако градењето демократии треба да биде резултат на домашен политички процес, надворешните фактори може да имаат улога во поддршката на системска трансформација. Во време кога процесот на проширување се бори да биде ефективен, повторното проценување на односите меѓу ЕУ и Балканот е од клучно значење. По приемот на Хрватска во 2013 година, ризикот дека чекорот на пристапување е забавен и засенет од економската и политичка криза во ЕУ, Европа повторно го губи Балканот на национализам и насилство, како и сопственото влијание за сметка на други актери кој можеби не ги делат истите погледи и вредности.

Оттаму, ЕУ е фатена во дилема: како да се задржат Балканските држави со надежта за членство во ЕУ? Понатаму, оставајќи ги државите во заборав може да води кон влошување на нивните слаби демократии. Македонија, кандидат за членство уште од 2005 година, е во постојана блокада за започнување на пристапните преговори поради спорот за името со Грција. Како резултат, во Македонија речиси секоја година има политичка криза која ги поткопува меѓуетничките односи, ја нарушува демократијата, се заканува на безбедноста, се заостанува во реформите и се назадува во евро-атлантските интеграции. Додека државите-членки на ЕУ може да се согласат во однос на приоритетниот статус за Хрватска и Србија како стратешки за целиот регион, сличен третман не им е понуден на другите држави, како Македонија и Албанија. Постигнувањето на рамнотежа зависи не зависи само од ригорозната примена на условите: проблемот е во кредибилитетот. Критериумите за членство се менуваа низ годините, рефлектирајќи внатрешен развој, како и зголемените непријатности во поглед на проширувањето и потенцијалните последици. Ова води кон шпекулации дека демократската условеност се користи како изговор за да се држи остатокот од Балканот надвор од ЕУ без исклучоци.

Консолидација на демократијата не била секогаш приоритет на ЕУ. Европската комисија повикува на безбедност и функционирање на демократијата, како и на борбата против корупцијата и

организираниоет криминал. Како и да е, стабилноста на институциите, владеење на правото, слободата на печатот и граѓанското општество се подеднакво важни показатели. Овие аспекти привлекоа помалку внимание и може многу повеќе да се направи во адресирањето на нерешените прашања кои ги спечуваат националните парламенти во процесот на одлучување и имплементација. На краток и долг рок, клучните одговори на ваквата дилема може да се најдат само со поддршка на целосна демократизација на Балканот. Ова е во интерес на граѓаните, но и во интерес на ЕУ со цел да се обезбеди дека идното проширување нема да предизвика враќање на солидарноста на ЕУ и дека сите идни држави-членки се консолидирани демократии.

## 2. ДЕМОКРАТИЗАЦИЈА НА БАЛКАНОТ!?

Опстанокот на мировни односи, натамошното спроведување на слободни и фер избори и прогресивна регионална соработка во повеќето области се само дел од напредокот направен од Балканските држави. Како и да е, овие постигнувања се прилично загрозени од нерешените прашања кои се штетни за регионот. Спорот за името со Грција продолжува да и штети на демократизацијата и меѓуетничките односи во Македонија. Тврдоглавата позиција на Србија и Косово во поглед на независноста продолжува да ја поткопува трансформацијата. Демократската слабост на Албанија резултира во политички ќорсокак, додека Босна и Херцеговина останува заробена во воена реторика со потенцијал за дестабилизација.

Балканските држави се дел од продолжена форма на демократска транзиција со проспект за евентуална консолидација.[159] Ова е точно, имајќи во предвид дека постои значителен број на случаи во кои државите и нивните граници се постојано предмет на расправа.[160] Според некои студии, не постои „консолидирана демократија“ на Балканот, но Македонија, Србија и Црна Гора се класифицирани како „полу-консолидирани демократии“, додека Албанија и Босна и Херцеговина се класифицирани како „транзициски владеења“ или „хибридни режими“, а Косово како „полу-консолидиран автократски режим“. Од друга страна, други студии потенцираат дека само Србија и Хрватска се демократии, додека другите Балкански држави колективно може да бидат опишани како расипани демократии: тие спроведуваат слободни избори, но не успеваат да обезбедат граѓански и политички права или ефективно одвојување од државните власти. Со други зборови, и покрај владеењето од страна на избрани претставници, демократските перформанси во регионот и натаму се без вистинска позитивна динамика.[161]

Блиска опсервација на квалитетот на демократијата во овие држави, меѓу кои и Македонија, може да помогне во разбирањето на политичките динамики и опциите на ЕУ за успешно да влијае во регионот. Дистинкцијата меѓу формална и ефективна демократија е корисна бидејќи овозможува критичко проценување на демократизацијата во поглед на формалните критериуми и суштинските карактеристики на демократијата.[162] Со други зборови, разликата треба да се прави меѓу институционалните/процедурални аспекти на демократијата и опсегот на кој тие се имплементирани во пракса. Навистина, демократските режими не се насекаде успешни со иста ефикасност и постојат недостатоци. Од оваа причина, треба да се внимава на поимите како „фасада демократија“ и „ефективна демократија“, каде разликата лежи во „владеење на правото“ и неговата фундаментална манифестација: правото на слобода.[163]

Основната причина на демократијата е да се овластат обичните луѓе со граѓански и политички права за водење на нивните животи засновано на нивните преференци. Од оваа гледна точка, правото да се овластат луѓето да направат сопствен избор по индивидуални прашања и нивниот глас за колективните прашања да биде од важност се алатки во првата одбранбена линија на демократијата. Легислативното вклучување на овие права создава формална демократија како потребна компонента за ефективна демократија, иако формалните права не се доволни за ефективна демократија. Со цел да се има ефективни права и слободи, одговорните за донесување на одлуки мора да ги почитуваат и следат овие права. И демократските слободи ефективно се почитуваат само во опсег во кој елитите се обврзани

[159] G. Pridham, Securing fragile democracies in the Balkans: the European dimension, Romanian Journal of European Affairs, Vol. 8, No 2, pp.: 56-70, 2008.
[160] R. Balfour, D. Basic, A bridge over troubled waters: Europeanising the Balkans, EPC Policy Brief, 2010.
[161] D. Linz, Thinking about hybrid regimes, Journal of Democracy, Vol. 2, pp.: 21-35, 2002; W. Merkel, Embedded and defective democracies, Democratisation, Vol. 11, No. 5, pp.: 33-58, 2004.
[162] M. Kaldor, I. Vejvoda, Democratisation in Central and East European countries, International Affairs, Vol. 73, No. 1, pp.: 59-82, 1997.
[163] J. Linz, S. Alfred, Problems of democratic transition and consolidation: Southern Europe, South America and post-communist Europe, Johns Hopkins University Press, 1996.

со владеење на правото. Корупцијата на елитата ги нарушува граѓанските права и го прекршува владеењето на правото.[164]

### 3. ДЕМОКРАТИЗАЦИЈА VIS-À-VIS ИНТЕГРАЦИЈА: СЛУЧАЈОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Процесот на проширување на ЕУ води кон појавување на уникатен модел на демократска промоција преку интеграција.[165] Ваквиот модел е развиен во 90-тите години на минатиот век како резултат на подготовките за проширувањето на ЕУ со државите од Централна и Источна Европа и со формализирање на критериумите за членство на Самитот на Европскиот совет во Копенхаген, познати како Копенхагенски критериуми. Европската комисија игра – и се уште игра – значајна улога во мониторирање на напредокот преку годишни извештаи. Тесните мониторинг процедури го нагласуваат степенот на исполнување на политичките критериуми (стабилни институции кои гарантираат демократија, владеење на правото, почитување на човековите слободи и права и почитување на правата на националните малцинства) од страна на секоја држава-кандидат.

Потребно е да се потенцира дека критериумите од Копенхаген критериуми се дополнителни и не се предвидени во основните договори за ЕУ. Се работи за *in abstracto* одлука и се однесува на државите кои евентуално ќе се стекнат со статус на кандидат. Меѓутоа, моментот на нивно настанување е една работа; актуелниот момент е нешто сосема друго. Во современиве услови, севкупноста на Копенхагенските критериуми, без дилеми, функционира како правна категорија. Ова само делумно поради фактот што исклучително само еден аспект од Копенхагенските критериуми - единствено политичките услови како формално-правни и како пишани за прв пат се вклучени во Договорот од Амстердам. Политичката димензија која ја имаат политичките услови е што тие треба да бидат исполнети во моментот кога Комисијата го изготвува мислењето за државата која бара прием, како и исполнување на дополнителни критериуми кои не се содржани во правните акти на ЕУ. Со други зборови, Комисијата има правна обврска да го оцени само исполнувањето на политичките критериуми, што не значи дека другите две групи од критериумите (економските критериуми и обврските кои произлегуваат од членството) не се значајни.

Процесот на проширување кон Западен Балкан и Турција ја следи истата шема како и за државите од Централна и Источна Европа, но воведува нови аспекти кон процесот на политичка условеност. Овие рефлектираат внатрешна вознемиреност, како и сецифичниот регионален и државен контекст. Потешкотиите во имплементирањето и усвојувањето на некои од институционалните измени со Договорот од Лисабон и прашањата поврзани со капацитетот за соочување со внатрешните разлики, ја отргнуваат ЕУ од манифестирање на поголем ентузијазам кон проширувањето. Исто така, порастот на евро-скептицизмот и анти-имиграциски политички партии додаде дополнителен оган на проблемот. Доволно е само да се набљудуваат некои од политиките во државите-членки на ЕУ во поглед на бегалците, мигрантите и барателите на азил за да се разбере дека процесот на проширување станува чувствителна тема.

Потешкотиите со приемот на Романија и Бугарија и перцепцијата дека приемот е забрзан, заедно со зголемениот фокус на добро владеење и ситуацијата на Балканот, доведе до усвојување на комплексен мозаик на услови, бенчмаркови и очекувања, рефлектирани во различен степен на интеграција. Балканот е хетероген регион со држави кои пристапија во ЕУ во 2013 година (Хрватска), преку држави кои се „вечни“ кандидати (Македонија), до држави чија државност е блокирана и немаат формални односи со ЕУ (Косово).

Во поглед на Македонија без да навлегуваме во елаборирање на целата криза, ќе наведам две дежа-ву ситуации. Дежа-ву 1. Криза со настаните од 24 декември. Бојкот на собранието од најголемата опозициска партија во 2013 година, нивно враќање со формирање на анкетна комисија. Криза со прислушкуваните материјали. Бојкот на собранието од најголемата опозициска партија во 2015 година, нивно враќање со формирање на анкетна комисија. Ако сакаш нешто да не биде решено, формирај Анкетна комисија. Дежа-ву 2. Во 1998 година Словачка доби негативен извештај за исполнување на политичките критериуми од истите причини со кои Македонија се соочува денес: недостаток од стабилност на институции, рефлектирано со изборот на Претседателот, контроверзната употреба на претседателските овластувања, отсуство на опозицијата од Парламентот, нефункционирање на неговите комисии, како и одлучувањето во уставниот суд.

---

[164] R. Rose, A divergent Europe, Journal of Democracy, Vol. 12, No 1, pp.: 93-106, 2001.

[165] A. Dimitrova, G. Pridham, International actors and democracy promotion in Central and Eastern Europe: the integration model and its limits, Democratisation, Vol. 11, No. 5, pp.: 91-112, 2004.

Речиси 25 години независност, 10 години статус кандидат и 8 препораки за почеток на преговори, Македонија се соочува со најголемата политичка криза и како да се враќа онаму каде што почна. Едноставно како да треба од почеток да ги учи основите на демократијата. Поделената политичка култура, непособноста на политичките актери адекватно да реагираат и во интерес на граѓаните, недостатокот од компромис и корозија на политичкиот дијалог ја крена формата на продолжена и развлечена криза која доведе до недоверба во институциите. Без да се бараат виновници, потребно е итно враќање на довербата во институциите и изградба на систем заснован на *checks and balances,* бидејќи отсуството на демократски институции може да ја загрози стабилноста. Кризата покажа високо ниво на поларизација и потребни се политички заложби за решавање преку дијалог и во рамки на институциите за градење политички мир на демократски основи. Враќањето на демократските вредности бара трпение и напорна работа, особено од домашните актери. И покрај моето лично убедување дека Македонија треба да покаже сериозност и кредибилитет, како и капацитет и способност за соочување со кризи без меѓународна медијација, сепак и самата ЕУ треба да дејствува поодлучно бидејќи кризите на Балканот се во нејзиниот двор, а минатото е искуство кое ЕУ не може да го избрише.

Се доведовме во ситуација на преширока употреба на владеењето на политиката за сметка на владеење на правото. Македонија може да биде студија на случај каде многу уставни и законски прашања се решаваат според владеењето на политиката, по принципот мир во куќа што го дерогира воспоставеното право. Класични примери се: прво, аболицијата како квази-судско овластување на претседателот да се меша во судската власт, каде правната пракса не познава ситуации на повлекување на веќе дадена аболиција, што повлекува последици во насока на создавање преседан за сите идни слични ситуации, и второ, распуштањето на Собранието и враќање на пратениците по нивното распуштање. Одлагањето на изборите само го продолжи периодот на несигурност, бидејќи ЕУ не е заинтересирана за активни и долгорочни заложби, како што миграциската криза дополнително ја нарушува внатрешната политичка ситуација.

Досега, вина има и ЕУ која до 2010 година не успеа да го валоризира напредокот на Македонија во однос на нејзините евроинтеграции, туку со едноставно кревање на раменици, дозволи инаетот на една членка да оди во недоглед. Демократската условеност која ја бара ЕУ голем број држави не ја исполнуваат, а доколку се отвори дебата, половина држави-членки не ни заслужуваат да бидат дел од Унијата. Прашањето кое може хипотетички да се постави е: Дали, доколку Македонија спроведе најрегуларни избори, направи најдобри реформи во судството, администрацијата и медиумите, корупцијата ја сведе на најниско ниво, ќе добие датум за преговори? Одговорот е, кратко и јасно, не. ЕУ нема одговор како да ја интегрира Македонија надвор од политичката условеност. Може да се повика на алибито дека реформите се наши, процесот на интеграција е за нас, точно е дека ние оваа држава ја правиме за себе, не за Брисел, но сепак, преовладува фактот дека ЕУ, дури и да не беше политичката криза, нема одговор за нашето интегрирање. Политиката на ЕУ кон Македонија го поткопува кредибилитетот на Унијата како актер кој придонесува за долгорочна стабилност и демократски стандарди. Наместо сеопфатни решенија, вклучително и одблокирање на преговорите, претставниците на ЕУ пристапија кон утврдување итен договор чија имплементација е доведена во прашање уште од почетокот.

Во иднина, ЕУ треба да го интензивира мониторингот брз работата на институциите и процесот на одлучување, како и да работи за развивање на поактивна дипломатија. Нефункционални институции и непочитување на демократските практики се опасни за Западен Балкан и неговата интеграција за да се оправда политиката на неутралност на ЕУ во поглед на внатрешните политички случувања. Политичките тензии во Македонија, го покренаа прашањето дали ЕУ може или треба да направи повеќе во рана фаза на негативните тенденции. ЕУ, исто така, треба да даде поголем нагласок на демократските процеси, а не само на резултатот во поглед на бројот на усвоени закони. Паралелно со ова, треба на терен пореално да комуницира за проширувањето, промовирајќи поголемо разбирање во јавноста околу за и против европската интеграција. ЕУ зголемено се фокусира на проблеми поврзани со владеење на правото и зајакнување на судството, но демократијата е повеќе од тоа. Само однесување кое е правно-обврзувачко и имплементација на правата може да ја направи демократијата значајна во суштинска смисла.

## ЗАКЛУЧОК

Консолидацијата на демократијата е најдобриот краткорочен и долгорочен пристап за креирање поволни услови за завршување на нерешените прашања. Тое е и предуслов за процесот на проширување, како и обезбедување дека Балканските држави ќе бидат во состојба да ги преземат принципите и обврските од членството во ЕУ. ЕУ значително се фокусира на проблеми поврзани со владеење на правото и зајакнување на судството во регионот, особено како одговор на стравувањата дека

организираниот криминал и корупцијата може да се прелијат во остатокот на Европа. Но демократијата е многу повеќе од тоа.

Додека владеењето на правото, корупцијата и организираниот криминал се клучни проблеми за граѓаните на Балканот, ЕУ и регионот ќе имаат корист од пристап кој е подеднакво поширок и продлабочен во промовирањето на реална или суштинска демократија. Пошироко, во смисла дека целиот спектар на формални права е потребен за постигнување ефективна демократија; и дека демократијата не може да функционира, меѓудругото, без слободата на изразување и здружување. И продлабочено: во смисла дека ефективната демократија има потреба од вистинско наметнување на законски засновани правила и практики. Само правно-обврзувачкото однесување и имплементацијата на правата може да ја направи демократијата значителна во суштинска смисла. Оттаму, ЕУ има потреба од фокусирање на формалните и суштински критериуми во проценувањето и утврдувањето на демократијата на Балканот.

Пристапувањето не треба да биде само штиклирање на реформите и усвојување на законите. Исто така, треба да биде и за процесот на одлучување и опсегот до кој принципите наметнати од условеноста се применуваат во пракса. Ова значи користење на целиот алат на дипломатски и политички притисок над Балканските држави. Ова, исто така, може да обезбеди попозитивен нарација за проширувањето, кој на ЕУ и е многу потребна. Уште од одбивањето на Уставот на ЕУ, потешкотиите во усвојувањето на Договорот од Лисабон, преку економската криза и сегашната мигрантска криза, реториката се оддалечи од големата стратегија за мир и просперитет низ цела Европа. Потребен е нов наратив фокусиран на позитивните факти дека демократската трансформација на регионот во изминативе години е постигнување кое мора да биде консолидирано. Успехот да се напарават Балканските држави демократски е голем предизвик за ЕУ и владите во регионот – како и круна на политиката на проширување на ЕУ.

Влијанието на ЕУ во регионот се потпира на атракција; нејзината атракција се потпира на кредибилитет. Ова зголемено исчезнува, особено по финансиската криза и сегашната мигрантска криза. Најдобрите практики кои се очекуваат од балканските држави треба да бидат следени од ЕУ и државите-членки. Поттикот на Комисијата за широка анти-корупциска стратегија на ЕУ, исто така, ќе ги зголеми напорите за борбата против корупцијата и во државите-кандидати. Тоа е, исто така, единствениот начин за ефективно адресирање на основните грижи на државите-членки во поглед на капацитетот на овие држави во задржување на нивните заложби во сите фази на процесот на пристапување, како и по примемот во ЕУ. Исто тка, ќе придонесе и за избегнување на политика на непроширување, како што е се случи во 2007 години и која трае во моментов со новата Комисија. Ова е особено важно, имајќи во предвид дека, како што стојат работите, следната рунда на проширување нема да биде пред 2020 година, според најавите на Европската комисија дека проширувањето ќе биде ставено настрана, за да може ЕУ да се консолидира одвнатре.

Една лекција која може да се научи од процесот на преговори со Хрватска е почнување со најтешките области за реформирање. Поглавјето 23 за Судството и фундаменталните права не може ефективно да се адресира во неколку месеци. Оттаму, Балканските држави треба да ги интензивираат нивните напори за реформирање на клучните области како што се корупцијата, зајакнување на независноста и одговорноста на судството, унапредување на ефикасноста на судовите, подобрување на квалитетот на јавната администрација – сите клучни за функционирање на владеење на правото. Раното започнување во адресирањето на овие прашања, исто така, може на овие држави да им даде време за долгорочен одржлив и веродостоен напредок.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

[1] A. Dimitrova, G. Pridham, International actors and democracy promotion in Central and Eastern Europe: the integration model and its limits, Democratisation, Vol. 11, No. 5, pp.: 91-112, 2004.
[2] D. Linz, Thinking about hybrid regimes, Journal of Democracy, Vol. 2, pp.: 21-35, 2002.
[3] G. Pridham, Securing fragile democracies in the Balkans: the European dimension, Romanian Journal of European Affairs, Vol. 8, No 2, pp.: 56-70, 2008.
[4] J. Linz, S. Alfred, Problems of democratic transition and consolidation: Southern Europe, South America and post-communist Europe, Johns Hopkins University Press, 1996.
[5] M. Kaldor, I. Vejvoda, Democratisation in Central and East European countries, International Affairs, Vol. 73, No. 1, pp.: 59-82, 1997.
[6] R. Balfour, D. Basic, A bridge over troubled waters: Europeanising the Balkans, EPC Policy Brief, 2010.
[7] R. Rose, A divergent Europe, Journal of Democracy, Vol. 12, No 1, pp.: 93-106, 2001.
[8] W. Merkel, Embedded and defective democracies, Democratisation, Vol. 11, No. 5, pp.: 33-58, 2004.